**20211542536**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на член 35-а став (9) од Законот за заштита од вознемирување на работно место („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/13 и 147/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 103/21), министерот за труд и социјална политика донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ИЗРЕЧЕНИТЕ ИНСПЕКЦИСКИ МЕРКИ ОПОМЕНИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на водење на евиденција за изречените инспекциски мерки опомени.

Член 2

Евиденцијата за изречените инспекциски мерки опомени се води во електронска форма.

Евиденцијата од ставот 1 на овој член содржи рубрики за: реден број, број и датум на решението со кое е изречена опомената, име и презиме на лицето кое го сторило прекршокот за кој се изрекува опомена, живеалиште/престојувалиште, назив и седиште на работодавачот, кратко означување на видот на прекршокот за кој се изрекува опомената, име и презиме на инспекторот за труд кој ја изрекол опомената и забелешка.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 08-4478/7
1 јули 2021 година
Скопје

Министер,
**Јагода Шахпаска**, с.р.